Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ГЕО БАЛКАН УВОЗ-ИЗВОЗ ДООЕЛ
БР. 03-105/1
20.06.2025 год.
Битола

Архивски број: 03-6972/1.
Датум: 19-06-2025

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуги –
изработка на геодетски елаборати и вештачења
за Дел 1 – изработка на геодетски елаборати

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Друштво за Геодетски работи, трговија и услуги ГЕО БАЛКАН увоз-извоз ДООЕЛ Битола, со седиште на ул.„Питу Гули", бр.47 Б, Битола, претставувано од Борче Стојановски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 1

Предмет на овој договор е набавка на услуги - изработка на геодетски елаборати за потребите на Министерството за финансии, а по спроведената постапка за набавка од мала вредност по оглас бр.07356/2025.

Составен дел на овој договор се цените од Образецот на финансиската понуда дадени како Прилог 1 кон Договорот и Техничките спецификации за делот 1 – изработка на геодетски елаборати дадени како Прилог 2 кон Договорот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 2

Максималната вредност на договорот без пресметан данок на додадена вредност изнесува 140.000,00 денари.

На износот од став 1 на овој член се пресметува данок на додадена вредност во износ од 25.200,00 денари.

Максималната вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 165.200,00 денари.

Единечните цени се дадени во Прилогот 1 кон Договорот.

Договорниот орган нема обврска да го искористи максималниот износ од став 3 на овој член, односно при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи во зависност од потребите на договорниот орган.

Трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем, не се вклучени во единечните цени и тие дополнително се фактурираат од страна на Носителот на набавката за што во прилог на фактурата треба да достави доказ за извршено плаќање.

Со договорот не се предвидува корекција на цените, односно цените ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот.

Вкупната максимална вредност на договорот ќе се утврди врз основа на стварно извршените услуги, при што истата не смее да ја надмине максималната вредност на договорот со пресметан ДДВ.

## III. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 3

Договорот е со важност од 24 месеци од денот на влегување во сила на договорот или до негово вредносно исполнување, во зависност од тоа што прво ќе настане.

## IV.РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГАТА

### Член 4

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите -предмет на овој Договор според описот наведен во техничката спецификација од тендерската документација, Законот за катастар на недвижности и прописите донесени врз основа на истиот, Правилникот за геодетски работи за посебни намени и други важечки позитивни законски прописи како и согласно со правилата и стандардите на геодетската струка.

Носителот на набавката е должен да ги извршува услугите сукцесивно, врз основа на писмен налог (нарачка) од Договорниот орган, во рок не подолг од 25 календарски дена од денот на приемот на нарачката за геодетските елаборати.

Нарачките ќе се вршат во зависност од потребите на Договорниот орган кој не се обврзува да ги искористи и нарача во целост предвидените средства за услугите - предмет на овој Договор.

Носителот на набавката - давателот на услугите е одговорен за:

-точното обележување на Работите во однос на оригиналните референтни точки (репери), правци и нивоа (коти),

-обезбедувањето на сите потребни инструменти, апарати и работна рака во поглед на наведените одговорности и

-точноста на податоците во изработените геодетските елаборати.

Геодетските елаборати треба да бидат изготвени:

-во согласност со законските одредби кои ја регулираат оваа материја.

-во хартиена и електронска форма.

-во 5 (пет) оригинални заверени примероци во хартиена форма и

-во 4 (четири) примерока во електронска форма од кои два во PDF и два во DWG формат, електронски потпишани.

За сите евентуални неправилности/недостатоци констатирани од страна на Агенцијата за катастар на недвижности, Носителот на набавката е должен истите да ги отстрани/корегира без право на надомест од Договорниот орган.

Доколку, во било кое време, се појави грешка во положбата, нивоата, димензиите или меѓусебната поврзаност на трасата утврдена со Елаборатот, Носителот на набавката на свој трошок ја поправа грешката согласно барањата на договорниот орган или институцијата пред која Договорниот орган го доставува Геодетскиот елаборат, освен кога таа грешка произлегува од неточни податоци за кои Носителот на набавката не сноси одговорност.

## V.РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

### Член 5

Договорниот орган плаќањето ќе го врши сукцесивно по претходно доставено барање за извршена услуга, а врз основа на доставена фактура и во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата во писарницата на Договорниот орган.

Во прилог кон фактурата носителот на набавката доставува копија од геодетскиот елаборат.

Задолжително во прилог на фактурата се доставуваат и докази за извршените плаќања за трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем согласно Тарифник за висината на надоместокот за користење и увид на податоците од геодетско-катастарскиот информационен систем, како и за издавање на овластување за изработка на картографски производи и за висината на надоместокот за издавање на согласност за ставање во употреба на картографскиот производ.

## VI. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 6

Носителот на набавката се обврзува и е должен веднаш по потпишување на договорот да пристапи кон негова реализација на начин и согласно прифатените услови дефинирани во понудата и техничките спецификации.

Носителот на набавката ќе го извршува предметот на договорот сукцесивно, според искажани потреби на договорниот орган.

### Член 7

Носителот на набавката е должен на договорниот орган да му доставува фактура и копија од геодетскиот елаборат, а согласно цените прифатени од страна на договорниот орган и дадени во Прилогот 1 кој е составен дел на овој Договор.

## VII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 8

Договорниот орган се обврзува барањето за извршување на услугата да го доставува до носителот на набавката во писмена форма, при што тоа треба задолжително да ги содржи потребните податоци и спецификации за бараната услуга.

Договорниот орган се обврзува дека плаќањето на носителот на набавката ќе го врши во рокот од членот 5 на овој договор.

## VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 9

За секој ден доцнење во поглед на извршувањето на услугата по приемот на нарачката, носителот на набавката се обврзува на договорниот орган да му плати казна во висина од 0,5% дневно со максимум 10% од вредноста на нарачката.

Обврската за исплата на казната од став 1 на овој член носителот на набавката е должен да ја вкалкулира, т.е. одбие од вкупната вредност на договорот за онолку дена колку што имало доцнење во извршување на услугата.

Вкупната договорна казна не може да надмине 10% од износот во член 2 став 3 на овој договор.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 11

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 13

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## X. ВИША СИЛА

Член 14

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 15

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 16

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 17

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

### Член 18

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор ќе биде во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Член 19

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Друштво за Геодетски работи, |
| Министерство за финансии | трговија и услуги ГЕО БАЛКАН увоз- |
| Скопје | извоз ДООЕЛ Битола |
| Министер за финансии | Управител |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Борче Стојановски |

Изработил: Даниела Донова Ризов
Контролирал: Даниела Јанкова
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

Прилог 1 кон

Договорот за јавната набавка на услуга - изработка на геодетски елаборати и вештачења (Дел 1- изработка на геодетски елаборати)

## Дел I Финансиска понуда

Врз основа на огласот 07356/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Изработка на геодетски елаборати и вештачења, со спроведување на набавка од Набавки од мала вредност и тендерската документација ја поднесуваме следнава:

# Финансиска понуда

## Предмет на дел: Изработка на геодетски елаборати

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71319000 -7 | Премер на празна катастарска парцела во функција на запишување на катастар на недвижности - Основен надоместок | Парче | 1,00 | 3.902,50 | 3.902,50 | 702,45 | 4.604,95 |
| 71319000 -7 | Премер на празна катастарска парцела во функција на запишување на катастар на недвижности-Цена по 1 м2 | Метар Квадратен | 1,00 | 2,00 | 2,00 | 0,36 | 2,36 |
| 71319000 -7 | Премер на внатрешна површина на посебни и заеднички делови од зграда и други објекти (стан, подрум, подземна гаража, гаражно место, деловна просторија, магацин, хала и други) во функција на запишување/промена во катастар на недвижности - Основен надоместок за една функционална целина | Парче | 1,00 | 3.680,50 | 3.680,50 | 662,49 | 4.342,99 |
| 71319000 -7 | Премер на внатрешна површина на посебни и заеднички делови од зграда и други објекти (стан, подрум, подземна гаража, гаражно место, деловна | Метар Квадратен | 1,00 | 22,50 | 22,50 | 4,05 | 26,55 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | просторија, магацин, хала и други) во функција на запишување/промена во катастар на недвижности - Цена по 1 м2 (внатрешна површина) | | | | | | |
| 71319000 -7 | Премер на волуменски објекти (базен, рибник, силос, резервоар и други) во функција на запишување/промена во катастар на недвижности - Основен надоместок за еден објект | Парче | 1,00 | 2.068,50 | 2.068,50 | 372,33 | 2.440,83 |
| 71319000 -7 | Премер на волуменски објекти (базен, рибник, силос, резервоар и други) во функција на запишување/промена во катастар на недвижности - Цена по 1 м3 (волумен) | Кубен метар | 1,00 | 15,00 | 15,00 | 2,70 | 17,70 |
| 71319000 -7 | Премер на отворена површина на објекти од типот на брани, соларни централи, отворени спортски игралишта, паркови, плоштади, паркиралишта, зеленила, градби за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази и други објекти во функција на запишување/промена во катастар на недвижности - Основен надоместок за еден објект | Парче | 1,00 | 3.568,00 | 3.568,00 | 642,24 | 4.210,24 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71319000 -7 | Премер на отворена површина на објекти од типот на брани, соларни централи, отворени спортски игралишта, паркови, плоштади, паркиралишта, зеленила, градби за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази и други објекти во функција на запишување/промена во катастар на недвижности - цена по 1м2 (отворена површина на објектот) | Метар Квадратен | 1,00 | 2,00 | 2,00 | 0,36 | 2,36 |
| 71319000 -7 | Предбележување на идна градба за еден објект - Основен надоместок | Парче | 1,00 | 3.801,50 | 3.801,50 | 684,27 | 4.485,77 |
| 71319000 -7 | Предбележување на идна градба за еден објект - Цена по м2 (од габаритната површина на објект) | Метар Квадратен | 1,00 | 7,50 | 7,50 | 1,35 | 8,85 |
| 71319000 -7 | Спојување на парцели во една новоформирана парцела - Основен надоместок (за две КП) | Парче | 1,00 | 3.038,50 | 3.038,50 | 546,93 | 3.585,43 |
| 71319000 -7 | Спојување на парцели во една новоформирана парцела - цена од 1500ден. секоја наредна КП | Катастарска парцела | 1,00 | 750,00 | 750,00 | 135,00 | 885,00 |
| 71319000 -7 | Бришење на срушени објекти или дел од објект во една КП | Парче | 1,00 | 3.745,50 | 3.745,50 | 674,19 | 4.419,69 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | независно од бројот на објекти-Основен надоместок | | | | | | |
| 71319000-7 | Ажурирање во функција на усогласување на податоците од катастарот на недвижности со фактичката состојба (со изјава)-Основен надоместок | Парче | 1,00 | 2.813,00 | 2.813,00 | 506,34 | 3.319,34 |
| 71319000-7 | Ажурирање во функција на усогласување на податоците од катастарот на недвижности со фактичката состојба (со изјава) - цена од 60 ден. по м должен | Метар | 1,00 | 30,00 | 30,00 | 5,40 | 35,40 |
| 71319000-7 | Идентификација со увид на лице место - Надоместок за катастарска парцела | Парче | 1,00 | 3.542,50 | 3.542,50 | 637,65 | 4.180,15 |
| 71319000-7 | Идентификација со увид на лице место - Надоместок за зграда / друг објект | Парче | 1,00 | 2.823,50 | 2.823,50 | 508,23 | 3.331,73 |
| 71319000-7 | Обележување на граници на катастарска парцела-Основен надоместок | Парче | 1,00 | 3.538,50 | 3.538,50 | 636,93 | 4.175,43 |
| 71319000-7 | Обележување на граници на катастарска парцела-цена од 35 ден. по 1 метар должен (во градежен и вон градежен реон) | Метар | 1,00 | 17,50 | 17,50 | 3,15 | 20,65 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71319000 -7 | Обележување на граници на катастарска парцела - цена од 40 ден. по 1 метар должен (земјиште со култура шума) | Метар | 1,00 | 20,00 | 20,00 | 3,60 | 23,60 |
| 71319000 -7 | Физичка делба на катастарска парцела и парцелација врз основна на урбанистички план со теренско мерење - Основен надоместок за основна делба на КП на 2 дела | Парче | 1,00 | 4.623,50 | 4.623,50 | 832,23 | 5.455,73 |
| 71319000 -7 | Физичка делба на катастарска парцела и парцелација врз основна на урбанистички план со теренско мерење - цена од 3000 ден. за секоја наредна новоформирана КП | Катастарска парцела | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | 270,00 | 1.770,00 |
| 71319000 -7 | Физичка делба на катастарска парцела и парцелација врз основна на урбанистички план со теренско мерење - цена од 4000 ден. за секоја наредна новоформирана КП (за шумски предел) | Катастарска парцела | 1,00 | 2.000,00 | 2.000,00 | 360,00 | 2.360,00 |
| 71319000 -7 | Изработка на геодетски елаборат за нумерички податоци со увид на лице место - Во функција на реализација на урбанистички план, приватизација на градежно | Парче | 1,00 | 3.863,50 | 3.863,50 | 695,43 | 4.558,93 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | земјиште и др. (ако градежната парцела претставува дел од една катастарска парцела или повеќе катастарски парцели и ако од една КП се формираат повеќе ГП) - Основен надоместок | | | | | | |
| 71319000 -7 | Изработка на геодетски елаборат за нумерички податоци со увид на лице место - Во функција на реализација на урбанистички план, приватизација на градежно земјиште и др. (ако градежната парцела претставува дел од една катастарска парцела или повеќе катастарски парцели и ако од една КП се формираат повеќе ГП) - цена за секоја наредна КП/ГП | Катастарска парцела | 1,00 | 1.250,00 | 1.250,00 | 225,00 | 1.475,00 |
| 71319000 -7 | Изработка на геодетски елаборат за нумерички податоци со увид на лице место Во функција на реализација на урбанистички план, експропријација за линиски инфраструктурни објекти (сообраќајни, каналски и енергетски инфраструктурни објекти) Основен надоместок | Парче | 1,00 | 4.720,00 | 4.720,00 | 849,60 | 5.569,60 |
| 71319000 -7 | Изработка на геодетски елаборат за нумерички податоци со увид на лице место Во функција на | Метар Квадратен | 1,00 | 0,50 | 0,50 | 0,09 | 0,59 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | реализација на урбанистички план, експропријација за линиски инфраструктурни објекти (сообраќајни, каналски и енергетски инфраструктурни објекти) - цена по 1м2 за површината која влегува во опфатот, дефинирана со регулациона/експропоприациона линија | | | | | | |
| 71319000 -7 | Изработка на геодетски елаборат за концесии, долгорочни закупи и друго-Основен надоместок | Парче | 1,00 | 3.331,50 | 3.331,50 | 599,67 | 3.931,17 |
| 71319000 -7 | Изработка на геодетски елаборат за концесии, долгорочни закупи и друго- цена од 2000 ден. за опфат до 1 Ха | Хектар | 1,00 | 1.000,00 | 1.000,00 | 180,00 | 1.180,00 |
| 71319000 -7 | Изработка на геодетски елаборат за концесии, долгорочни закупи и друго - цена од 1500 ден. за секој нареден 1 Ха | Хектар | 1,00 | 750,00 | 750,00 | 135,00 | 885,00 |
| 71319000 -7 | Геодетски елаборат за откуп на градежно земјиште под зграда/објект/дел од објект по стекнат правен статус на бесправно изграден објект - Основен надоместок за еден објект | Парче | 1,00 | 2.813,00 | 2.813,00 | 506,34 | 3.319,34 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71319000 -7 | Обележување на една градежна парцела Основен надоместок | Парче | 1,00 | 3.269,50 | 3.269,50 | 588,51 | 3.858,01 |
| 71319000 -7 | Обележување на една градежна парцела - цена по 1м2 површина на градежна парцела - | Метар Квадратен | 1,00 | 17,50 | 17,50 | 3,15 | 20,65 |
| 71319000 -7 | Обележување на проектирана градба на терен - зграда или друг објект Основен надоместок | Парче | 1,00 | 3.074,50 | 3.074,50 | 553,41 | 3.627,91 |
| 71319000 -7 | Обележување на проектирана градба на терен - зграда или друг објект -цена од 35 ден по 1м2 од габаритот на објектот | Метар Квадратен | 1,00 | 17,50 | 17,50 | 3,15 | 20,65 |
| 71319000 -7 | Изготвување на ажурирање геодетска подлога Во неизграден реон Основен надоместок | Парче | 1,00 | 5.253,50 | 5.253,50 | 945,63 | 6.199,13 |
| 71319000 -7 | Изготвување на ажурирање геодетска подлога Во неизграден реон - цена од 3500 ден. по 1 Ха | Хектар | 1,00 | 1.750,00 | 1.750,00 | 315,00 | 2.065,00 |
| 71319000 -7 | Изготвување на ажурирање геодетска подлога Во изграден реон Основен надоместок | Парче | 1,00 | 5.253,50 | 5.253,50 | 945,63 | 6.199,13 |
| 71319000 -7 | Изготвување на ажурирање геодетска подлога Во изграден реон - цена од 5500 ден. по 1 Ха | Хектар | 1,00 | 2.750,00 | 2.750,00 | 495,00 | 3.245,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 71319000 -7 | Премер на инфраструктурни објекти поставени на стопа - Основен надоместок за објект | Парче | 1,00 | 4.850,00 | 4.850,00 | 873,00 | 5.723,00 |
| 71319000 -7 | Премер на површински инфрастуктурни објекти (собраќајни, енергетски, телекомуникациски каналски и други надземни инфраструктурни објекти) До 1 км должина Основен надоместок | Парче | 1,00 | 5.442,00 | 5.442,00 | 979,56 | 6.421,56 |
| 71319000 -7 | Премер на површински инфрастуктурни објекти (собраќајни, енергетски, телекомуникациски каналски и други надземни инфраструктурни објекти) Над 1 км должина Основен надоместок | Парче | 1,00 | 5.442,00 | 5.442,00 | 979,56 | 6.421,56 |
| 71319000 -7 | Премер на површински инфрастуктурни објекти (собраќајни, енергетски, телекомуникациски каналски и други надземни инфраструктурни објекти) Над 1 км должина - цена од 10 ден. по м должен | Метар | 1,00 | 5,00 | 5,00 | 0,90 | 5,90 |
| 71319000 -7 | Премер на отворен ров (водоводна, канализациона, енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на отворен | Парче | 1,00 | 6.285,00 | 6.285,00 | 1.131,30 | 7.416,30 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ров До 1 км должина Основен надоместок | | | | | | |
| 71319000-7 | Премер на отворен ров (водоводна, канализациона, енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на отворен ров над 1 км должина - Основен надоместок | Парче | 1,00 | 6.285,00 | 6.285,00 | 1.131,30 | 7.416,30 |
| 71319000-7 | Премер на отворен ров (водоводна, канализациона, енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на отворен ров Над 1 км должина - цена од 10 ден.по м должен | Метар | 1,00 | 5,00 | 5,00 | 0,90 | 5,90 |
| 71319000-7 | Премер на затворен ров со откривање на инфраструктурен објект со скенер/трагач/шлиц (водоводна, канализациона, енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на затворен ров со откривање на инфраструктурните објекти со скенер/трагач/шлиц) До 1 км должина Основен надоместок | Парче | 1,00 | 8.458,50 | 8.458,50 | 1.522,53 | 9.981,03 |
| 71319000-7 | Премер на затворен ров со откривање на инфраструктурен објект со скенер/трагач/шлиц (водоводна, канализациона, | Парче | 1,00 | 8.458,50 | 8.458,50 | 1.522,53 | 9.981,03 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на затворен ров со откривање на инфраструктурните објекти со скенер/трагач/шлиц) Над 1 км должина Основен надоместок | | | | | | |
| 71319000 -7 | Премер на затворен ров со откривање на инфраструктурен објект со скенер/трагач/шлиц (водоводна, канализациона, енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на затворен ров со откривање на инфраструктурните објекти со скенер/трагач/шлиц) Над 1 км должина - цена од 15 ден.по м должен | Метар | 1,00 | 7,50 | 7,50 | 1,35 | 8,85 |
| 71319000 -7 | Консолидација на земјоделско земјиште До 5 Ха Основен надоместок | Парче | 1,00 | 5.760,50 | 5.760,50 | 1.036,89 | 6.797,39 |
| 71319000 -7 | Консолидација на земјоделско земјиште Над 5 Ха Основен надоместок | Парче | 1,00 | 5.760,50 | 5.760,50 | 1.036,89 | 6.797,39 |
| 71319000 -7 | Консолидација на земјоделско земјиште Над 5 Ха - цена од 3000 ден. за секој нареден хектар | Хектар | 1,00 | 1.500,00 | 1.500,00 | 270,00 | 1.770,00 |

| Шифра | Назив на ставка | Мерна единица | Количина | Единечна цена | Вкупна цена (без ДДВ ) | ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **Вкупно** | 142.886,50 ден | 25.719,57 ден | 168.606,07 ден |

Вкупната цена на нашата понуда за **Изработка на геодетски елаборати и вештачења** за **Изработка на геодетски елаборати** вклучувајки ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: **142.886,50 (сто четириесет и две илјади осумстотини осумдесет и шест)** денари.
Вкупниот износ на ДДВ изнесува **25.719,57** денари.

I.1 Го прифаќаме начинот на испорака утврден во тендерската документација.

I.2 Се согласуваме со начинот и рокот на плаќање утврден во тендерската документација.

I.3 Нашата понуда важи за период утврден во тендерската документација.

I.4 Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

Прилог 2 кон
Договорот за јавната набавка на услуга - изработка на геодетски елаборати и вештачења (Дел 1- изработка на геодетски елаборати)

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Предмет на јавната набавка е набавка на услуги за изработка на геодетски елаборати и вештачења.

Набавката е делива на делови и тоа:

## Дел 1 – Изработка на геодетски елаборати

Предмет на јавната набавка е набавка на услуги за изработка на геодетски елаборати.

Набавката е делива и ќе се извршува сукцесивно по вид и количина според тековните потреби на Министерството за финансии по цени за соодветниот вид на геодетски елаборат кои ќе се постигнат по завршувашето на постапката. Министерството за финансии нема обврска да ги нарача сите видови на геодетски елаборати наведени во листата на цени.

При изработка на понудите за елаборатите да се води сметка цените да бидат согласно „Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.28/2024)“
Согласно членот 4 од наведениот Тарифник, намалувањето на надоместокот за извршените геодетски работи пропишан со овој тарифник може да биде најмногу до 50%.

Во понудената цена спаѓаат севкупните трошоци потребни за изработка и доставување на геодетските елаборати, освен трошоците за користење на податоци од Геодетско - катастарскиот информационен систем, за кои понудувачот при фактурирањето има обврска во прилог на фактурата да достави докази за извршените плаќања.

Понудувачот е должен во понудата да даде цена за секој вид на елаборат наведен во листата на цени. Во спротивно понудата ќе се смета за некомплетна.

Геодетските елаборати треба да бидат изготвени:
- во согласност со законските одредби кои ја регулираат оваа материја

- во хартиена и електронска форма.
- во 5 (пет) оригинални заверени примероци во хартиена форма и
- во 4 (четири) примерока во електронска форма од кои два во PDF и два во DWG формат, електронски потпишани

| Р.бр. | Геодетски елаборат | Единечна мерка | |
|---|---|---|---|
| 1. | Премер на празна катастарска парцела во функција на запишување во катастар на недвижности | | |
| | Основен надоместок + цена по 1м2 (површина на КП) | м2 | |
| 2. | Премер на внатрешна површина на посебни и заеднички делови од зграда и други објекти (стан, подрум, подземна гаража, гаражно место, деловна просторија, магацин, хала и други) во функција на запишување/промена во катстар на недвижности | | |
| | Основен надоместок за една функционална целина + цена по 1м2 (внатрешна површина) | м2 | |
| 3. | Премер на волуменски објекти (базен, рибник, силос, резервоар и други) во функција на запишување/промена во катастар на недвижности | | |
| | Основен надоместок за еден објект + цена по 1м3 (волумен) | м3 | |
| 4. | Премер на отворена површина на објекти од типот на брани, соларни централи, отворени спортски игралишта, паркови, плоштади, паркиралишта, зеленила, градби за сепарација на материјал за производство на бетон, бетонски бази, асфалтни бази и други објекти во функција на запишување/промена во катастар на недвижности | | |
| | Основен надоместок + цена по 1м2 (отворена површина на објектот) | м2 | |
| 5. | Предбележување на идна градба за еден објект | | |
| | Основен надоместок + цена по м2 (од габаритната површина на објект) | м2 | |
| 6. | Спојување на парцели во една новоформирана парцела | | |
| | Основен надоместок (за две КП) + цена од 1500ден. секоја наредна КП | КП | |
| 7. | Бришење на срушени објекти или дел од објект во една КП независно од бројот на објекти | | |
| | Основен надоместок | КП | |
| 8. | Ажурирање во функција на усолагласување на податоците од катастарот на недвижности со фактичката состојба (со изјава) | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Основен надоместок + цена од 60 ден. по м должен | м | |
| 9. | Идентификација со увид на лице место | | |
| 9.1. | Надоместок за катастарска парцела | КП | |
| 9.2. | Надоместок за зграда / друг објект | зграда / друг објект | |
| 10. | Обележување на граници на катастарска парцела | | |
| 10.1. | Основен надоместок + цена од 35 ден. по 1 метар должен (во градежен и вон градежен реон) | м | |
| 10.2. | Основен надоместок + цена од 40 ден. по 1 метар должен (земјиште со култура шума) | м | |
| 11. | Физичка делба на катастарска парцела и парцелација врз основна на урбанистички план со теренско мерење | | |
| 11.1. | Основен надоместок за основна делба на КП на 2 дела + цена од 3000 ден. за секоја наредна новоформирана КП | КП | |
| 11.2. | Основен надоместок за основна делба на КП на 2 дела + цена од 4000 ден. за секоја наредна новоформирана КП<br>(за шумски предел) | КП | |
| 12. | Изработка на геодетски елаборат за нумерички податоци со увид на лице место | | |
| 12.1. | Во функција на реализација на урбанистички план, приватизација на градежно земјиште и др. (ако градежната парцела претставува дел од една катастарска парцела или повеќе катастарски парцели и ако од една КП се формираат повеќе ГП) | | |
| | Основен надоместок + цена за секоја наредна КП/ГП | КП / ГП | |
| 12.2. | Во функција на реализација на урбанистички план, експропријација за линиски инфраструктурни објекти (сообраќајни, каналски и енергетски инфраструктурни објекти) | | |
| | Основен надоместок + цена по 1м2 за површината која влегува во опфатот, дефинирана со регулациона/експропоприациона линија | м2 | |
| 13. | Изработка на геодетски елаборат за концесии, долгорочни закупи и друго | | |
| 13.1. | Основен надоместок + цена од 2000 ден. за опфат до 1 Ха | Ха | |
| 13.2. | Основен надоместок + цена од 1500 ден. За секој нареден до 1 Ха | Ха | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 14. | Геодетски елаборат за откуп на градежно земјиште под зграда/објект/дел од објект по стекнат правен статус на бесправно изграден објект | | |
| | Основен надоместок | Еден објект | |
| 15. | Обележување на една градежна парцела | | |
| | Основен надоместок + цена по 1м2 површина на градежна парцела | м2 | |
| 16. | Обележување на проектирана градба на терен - зграда или друг објект | | |
| | Основен надоместок + цена од 35 ден по 1м2 од габаритот на објектот | м2 | |
| 17. | Изготвување на ажурирање геодетска подлога | | |
| 17.1. | Во неизграден реон | | |
| | Основен надоместок + цена од 3500 ден. по 1 Ха | Ха | |
| 17.2 | Во изграден реон | | |
| | Основен надоместок + цена од 5500 ден. по 1 Ха | Ха | |
| 18. | Премер на инфраструктурни објекти поставени на стопа | | |
| | Основен надоместок | објект | |
| 19. | Премер на површински инфрастуктурни објекти (собраќајни, енергетски, телекомуникациски каналски и други надземи инфраструктурни објекти) | | |
| 19.1. | До 1 км должина | | |
| | Основен надоместок | км | |
| 19.2. | Над 1 км должина | | |
| | Основен надоместок + цена од 10 ден. по м должен | м | |
| 20. | Премер на отворен ров (водоводна, канализациона, енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на отворен ров | | |
| 20.1. | До 1 км должина | | |
| | Основен надоместок | км | |
| 20.2. | Над 1 км должина | | |
| | Основен надоместок + цена од 10 ден.по м должен | м | |
| 21. | Премер на затворен ров со откривање на инфраструктурен објект со скенер/трагач/шлиц (водоводна, канализациона, енергетска, телекомуникациска и друга инфраструктура на затворен ров со откривање на инфраструктурните објекти со скенер/трагач/шлиц) | | |
| | До 1 км должина | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 21.1. | Основен надоместок | км | |
| 21.2. | Над 1 км должина | | |
| | Основен надоместок + цена од 15 ден.по м должен | м | |
| 22. | Консолидација на земјоделско земјиште | | |
| 22.1 | До 5 Ха | | |
| | Основен надоместок | Ха | |
| 22.2 | Над 5 Ха | | |
| | Основен надоместок + цена од 3000 ден. за секој нареден хектар | Ха | |
| | | | |

**НАПОМЕНА: Понудите кои ќе бидат доставени, а не се во согласност со Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/2013, 41/2014, 101/2014, 115/2014, 116/2015, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/2019 и 155/2024) и Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.28/2024), ќе се сметаат за неприфатливи.**

Согласно член 121 од Закон за катастар на недвижности, должности на трговецот поединец, овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи е да наплаќаат надоместок за извршените геодетски работи согласно со овој закон и тарифникот од членот 125 од истиот закон.

Во член 125 од истиот закон, во три става е опишан начинот на наплата на надоместокот:

(1) Трговецот поединец овластен геодет и трговското друштво за геодетски работи за извршените геодетски работи наплаќаат надоместок чија висина особено зависи од обемот (површината/волуменот/должината на недвижностите што се предмет на премерот, бројот и видот на зградите, посебните и заедничките делови од зградите и другите објекти и друго), оддалеченоста на недвижностите, теренските услови (густина на деталот) и сложеноста на геодетските работи.

(2) Висината на надоместокот од ставот (1) на овој член се утврдува со тарифник кој на предлог на Комората го донесува Управниот одбор на Агенцијата, а согласност дава Владата на Република Северна Македонија.

(3) Надоместокот од ставот (1) на овој член трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи можат да го намалуваат најмногу до 50%, како

во случаите кога геодетските работи ги вршат по барање на странки, така и во постапките за јавни набавки за давање услуги за просторно планирање и инженерски услуги за уредување на земјиштето.
Како подзаконски акт од членот 125 од закон за катастар, донесен е Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.28/2024). **Понудите кои ќе се доставаат од страна на економските оператори спротивно од овој тарифник ќе се сметаат за неприфатливи.**

Согласно член 3 од Тарифникот за висината на надоместокот за извршените геодетски работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.28/2024), во висината на надоместокот не се пресметани трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем како и данокот на додадена вредност. Согласно овој член трошоците за користење на податоци од Геодетско-катастарскиот информационен систем на Агенцијата за катастар на недвижности, ќе се фактурираат во однос 1:1 и истите детално ќе треба да се прикажат поодделно во секој предмет.

Во образецот на понуда - предмерот - листа на цени, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи. Кај суксецивните набавки каде има многу ставки, може да се случи вкупната цена на понудата како збир на сите ставки да е повисока од износот на обезбедени средства. За овие случаи Договорниот орган наведува дека договорот ќе се склучи до вредноста на обезбедените средства и ќе се троши колку што има средства на располагање и во зависност од потребите. Договорот ќе се склучи на максимална вредност на средствата обезбедени со одлуката за јавна набавка.